УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП
МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА

ISSN 1857-7296

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК

ГОДИНА 5 БРОЈ 5

**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП**
**МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА**

ISSN 1857-7296

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК
# 2018

**ГОДИНА 5** **БРОЈ 5**

**ГОДИШЕН ЗБОРНИК**
**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" – ШТИП**
**МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА**

**За издавачот:**
проф. д-р Блажо Боев,
проф. м-р Антонијо Китановски

**Главен и одговорен уредник:**
проф. м-р Антонијо Китановски

**Одговорни уредници и редакциски одбор:**
проф. д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска
проф. м-р Валентина Велковска-Трајановска
проф. м-р Горанчо Ангелов
проф. д-р Владимир Јаневски
проф. д-р Илчо Јованов

**Јазично уредување:**
Лилјана Јовановска

**Техничко уредување:**
Славе Димитров
Благој Михов

**Редакција и администрација:**
Универзитет „Гоце Делчев" - Штип
Музичка академија
бул „Крсте Мисирков" 10-А
п.фах 201, 2000 Штип, Македонија

## С О Д Р Ж И Н А

**Стефанија ЛЕШКОВА-ЗЕЛЕНКОВСКА, Валентина ВЕЛКОВСКА-ТРАЈАНОВСКА**
ИСТОРИЈАТОТ И РАЗВОЈНИОТ ПАТ НА ГУДАЧКИТЕ ИНСТРУМЕНТИ: ВИОЛОНЧЕЛО И КОНТРАБАС (2) .......... 5

**Тихомир ЈОВИЌ**
ПОЛИФОНИЈАТА ВО КОМПОЗИЦИЈАТА ДОЈДОВМЕ ЗА МЕШАН ХОР ОД ТОМИСЛАВ ЗОГРАФСКИ .......... 11

**Гоце ГАВРИЛОВСКИ**
УПОТРЕБА НА ФОЛКЛОРНИТЕ ЕЛЕМЕНТИ И УМЕТНИЧКАТА ТРАНСПОЗИЦИЈА НА ФОЛКЛОРОТ ВО ВТОРИОТ СТАВ „ЛАМЕНТОЗО“ ОД СИМФОНИЈАТА БРОЈ 5, НА КОМПОЗИТОРОТ ТОМА ПРОШЕВ .......... 17

**Ивана ЈАНКОВ**
ДРАМАТУРГИЈА И НЕЈЗИНИОТ РАЗВОЈ НИЗ ОСОБЕНОСТИТЕ НА МУЗИЧКИТЕИ ВОНМУЗИЧКИТЕ ИЗРАЗНИ СРЕДСТВА ВО КОМПОЗИЦИЈАТА „МАКЕДОНСКО ОРО“ ЗА МЕШАН ХОР ОД КОМПОЗИТОРОТ ТОДОР СКАЛОВСКИ.......... 27

**Зоран НАСТОВ**
АСПЕКТИ НА ХАРМОНСКИОТ ЈАЗИК НА ПРВИОТ СТАВ ОД СУИТАТА БР. 2 ОД БАЛЕТОТ „ЛАБИН И ДОЈРАНА“ ОД КОМПОЗИТОРОТ ТРАЈКО ПРОКОПИЕВ .......... 33

**Александар ТРАЈКОВСКИ**
ПАВЛИНА АПОСТОЛОВА - ИНТЕРПРЕТАТОР НА 40 УЛОГИ НА МАКЕДОНСКАТА ОПЕРСКА СЦЕНА .......... 39

**Дуња ИВАНОВА**
КОНТЕКСТОТ КАКО ПРЕДУСЛОВ ЗА МУЗИЧКО ДОЖИВУВАЊЕ .......... 47

**Милица ШКАРИЌ и Елена ЕФРЕМОВА**
МУЗИЧКА ПИЈАНО ТЕРАПИЈА: СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ СО ПОЧЕТНИК ПО ПИЈАНО НА 9 - ГОДИШНА ВОЗРАСТ .......... 53

**Бисера ИВАНОВА**
ФОРМА, ОРНАМЕНТИКА, АРТИКУЛАЦИЈА И ДИНАМИКА КАЈ ИЗБРАНИ СОНАТИ ОД ДОМЕНИКО ЧИМАРОЗА .......... 61

**Петре ШТЕРЈОВ**
КОНЦЕРТ ЗА ПИЈАНО И ОРКЕСТАР БР. 2 ОП. 21 ВО ЕФ-МОЛ ОД ФРЕДЕРИК ШОПЕН .......... 65

**Петар ТРБОЈЕВИЌ**
МУЗИКАТА НА ФИЛИП ГЛАС, МИНИМАЛИЗМОТ И ТИРОЛСКИОТ КОНЦЕРТ ЗА ПИЈАНО И ОРЕКЕСТАР .......... 71

**Ивана МИЛОШЕВИЌ**
ВЛИЈАНИЕТО НА ПЕЕЊЕТО ВО ХОР ВРЗ КОГНИТИВНОТО И ЕМОЦИОНАЛНОТО СПОЗНАВАЊЕ НА ДЕЦАТА .......... 75

**Лидија ЈОРДАНОВА**
УЛОГАТА И ЗНАЧЕЊЕТО НА ТЕОРИИТЕ НА
ПРОФЕСИОНАЛНАТА ОРИЕНТАЦИЈА ........ 81

**Горанчо АНГЕЛОВ**
ФАРИЗ ХАЈРУЛА – ЗУРЛАЏИЈА И ИЗРАБОТУВАЧ НА „КАБА“
ЗУРЛИ ВО Р. МАКЕДОНИЈА ........ 91

**Владимир ЈАНЕВСКИ**
МАШКИ ОБРЕДНИ ПОВОРКИ ВО МАКЕДОНСКАТА ЕТНОКОРЕОЛОШКА
КЛАСИФИКАЦИЈА ........ 103

**Стојанче КОСТОВ**
КРАТОК ОСВРТ НА ОРСКАТА ТРАДИЦИЈА ВО ЕТНИЧКИОТ
ПРЕДЕЛ РАДОВИШКО ПОЛЕ ........ 109

**Христијан НИКОЛОВСКИ**
ИСТОРИСКИ АСПЕКТИ НА КИНЕТОГРАФИЈАТА ВО МАКЕДОНИЈА ........ 115

**Силвестер ПРОЛЕ**
ЕТНОКОРЕОЛОШКИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ОРАТА ВО
РАДОВИШКОТО СЕЛО ГАБРЕВЦИ ........ 121

**Љупка СТЕФАНОВСКА**
47 ГОДИНИ РЕПУБЛИЧКИ ФЕСТИВАЛ НА НАРОДНИ ИГРИ И
ПЕСНИ „ИЛИНДЕНСКИ ДЕНОВИ“ – БИТОЛА (1971 – 2018) ........ 125

**Горан ВАСИЛЕСКИ**
ИВАНДЕНСКИТЕ ЖЕНСКИ ОБРЕДНИ ПОВОРКИ ВО
ПРИЛЕПСКО-БИТОЛСКО ПОЛЕ И ЖЕЛЕЗНИК ........ 131

**Тијана ЈАНЕВСКА**
ОРОВОДНАТА ПЕЈАЧКА ТРАДИЦИЈА ВО ПРЕДЕЛОТ ДУРАЧКА РЕКА ........ 139

**Бојан ПЕТКОВСКИ**
ФИЛМУВАНА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ОБРЕДОТ ЛАЗАРКИ
ОД ЕТНИЧКИОТ ПРЕДЕЛ ДОЛНИ ПОЛОГ ........ 143

**Дени СИНАДИНОВСКИ**
ВЕЛИГДЕНСКИТЕ ОБРЕДНИ ИГРИ ОД ЕТНИЧКИОТ ПРЕДЕЛ
ПОРЕЧЕ И НИВНИТЕ ЕТНОКОРЕОЛОШКИ КАРАКТЕРИСТИКИ ........ 149

**Иво СОЛДАТОВИЌ**
ЖИВОТОТ И ДЕЛОТО НА ДРАГАН ЃАКОНОВСКИ-ШПАТО ........ 155

**Мирослав МИЛКОВСКИ**
МУЗИКАТА НА ЧИК КОРЕА ........ 163

**793.31(497.741)**

# ЕТНОКОРЕОЛОШКИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ОРАТА ВО РАДОВИШКОТО СЕЛО ГАБРЕВЦИ

Силвестер ПРОЛЕ

**Апстракт: Орото** е нераскинлив дел од синкретизмот, кој заедно со останатите нематеријални културни вредности ја збогатуваат ризницата на богатиот македонски фолклор кој на многумина е инспирација за создавање нови уметнички дела. Истражувањата и релевантните податоци на досегашните истражувачи ни помагаат да дојдеме до нови сознанија за *орската традиција* во Македонија.

***Клучни зборови*****:** регионална етнологија, стилски карактеристики, етнокореолошки карактеристики, Кукуригу петле.

**Вовед**

За орската традиција во селото Габревци (Радовишко Поле) нема конкретни податоци во досегашната литература, па затоа јас ќе се водам според литературата за некои околни села (конкретно селото Ињево) и од своите сопствени теренски истражувања кои се правени пролетта 2013 година, а како соговорници ни беа возрасни жени и мажи, кои по години се движеа од 55 до 80-годишна возраст.

Селото Габревци се наоѓа во североисточниот дел на општината Конче, на неколку километри од градот Радовиш. Селото е поделено на неколку маала и тоа *Горно*, *Долно* и *Крајно маало*.[1] Тоа припаѓа на етничкиот предел Радовишко Поле кој што е сместен во средишниот дел на Македонија. На овој предел се надоврзува и пределот Лакавица, образувајќи една целина во културата на облекување, традиционалната игра и на други сегменти од духовната и од материјалната култура. (Јаневски, 2013: 68)

Селото не било секогаш на ова место каде што е денес. Тоа било преселувано три пати за време на Отоманската Империја, по што останала и народната песна *Нашето село Габревци, три пати селено, од три чуми падено.*[2] Селото е едно од ретките во Македонија во кое материјалната и духовната култура сѐ уште живее. Народната култура е доста богата и разновидна која неизмерно се чува, со посебен акцент на носијата, но и ората и обредните песни.

**1.Селска слава**

Празничните обичаи од селото, иако имаат сличности во начинот на изведувањето со оние во соседните области, па и со обичаите од подалечните јужнословенски етнички целини, кријат во себе и многу специфичности. Пречекувањето и празнувањето на празниците е изложено онака како што народот ги одржувал низ вековите наназад. Празниците се поделени во 4 големи групи, според календарскиот циклус (зимски, пролетни, летни и есенски), онака како што се поделени од народот – според времето на нивното празнување. (Делиниколова, 1960: 136) Слава на селото е *Спасовден* (Св. Спас), но и црквата го носи името на овој светец. На овој ден жителите од селото се собирале кај црквата и се колело јагне како курбан, а на сретсело се играле ора и се пееле песни придружени со музика.[3]

**`*1.1. Ората во село Габревци***

Репертоарот на ората во селото е сличен како и репертоарот на околните села, а тоа се Ињево и Дедино. Дел од ората кои што се играле и сѐ уште се изведуваат се: *Кукуригу петле; Топтан, топтан; Повратничка; За рамо; За рака; Елено моме (Трно моме),* како и ора кои се со српско потекло и се играат на фабрички инструменти, а тоа е орото *Чачак.*[4] Игроорната

[1]) Информатор: Дамјана Тодоровска од село Габревци, родена 1945 година, сопствени теренски истражувања

[2]) Информатор: Зорка Јованова од село Габреци, родена 1946 година, сопствени теренски истражувања

[3]) Информатор: Дамјана Тодоровска од село Габревци, родена 1945 година, сопствени теренски истражувања

[4]) Информатор: Стојна Димитрова од село Дедино, омажена во село Габревци, родена 1950 година, сопствени теренски истражувања

разновидност по која се истакнува овој предел, можеби се должи на податокот дека овие предели се крстопат на повеќе струења на култури кои во овој дел се преплетуваат, се мисли на Шопско-брегалничката етнографска целина. Ваквата задржаност на репертоарот можеби се должи на големиот број ансамбли кои ја негуваат традиционалната орска уметност. (Јаневски, 2013: 69)

Ората во селото се играле, како впрочем и во другите краишта на Македонија, масовно од деца, мажи, жени, стари и млади. До Втората светска војна машките ора биле исклучиво одвоени од женските, така што мешањето било недозволиво. Значи женското оро се надоврзувало на машкото така што првата жена преку шамивче во раката се држи за последниот маж. Денешната состојба, поточно по ослободувањето, е многу изменета. Жените без предрасуди се мешаат со мажите во заедничкото оро, изедначувајќи го и прилагодувајќи го дури и стилот во играњето со мажите. (Димовски, 1974: 11)

Дедо Владо Атанасов, познат гајдаџија од село Габревци ќе каже: *Орото идеше тогај за тоа време прво некои постари луѓе м'же и жени. Позади них и другото оро играјаа помлади моми до кај пет-шестнаесет години. А постарите моми се мешаа со невестите.*[5]

Ората се играат во отворен и во затворен простор. Во отворен простор се игра кога тоа го дозволуваат и временските услови. На големите верски и државни празници се играло на *сретсело.* (Димовски, 1974: 12). За куќните слави се играло дури и во домашните дворови, вели дедо Владо.

Во затворен простор се игра ако врне дожд, снег, т.е ако е времето лошо и ако на сред селото има кал или снег. Обично се играло во домовите. На свадбите се игра внатре во куќата (во домот на младоженецот или невестата) и надвор пред куќата. Сватовите пак играат уште и на улицата, по патот кога одат или се враќаат откај невестата. (Димовски, 1974: 12)

Држењето во орото е слично како и во другите предели од Македонија. Во овој предел, поточно во селото Габревци, се сретнуваат повеќе видови антрополошки позиции на држење во ората. Од анализираниот материјал постојат три начини на држење на играчите: *за рамо, за рака и за појас.* **За рамо** се играат најчесто машките ора во кои темпото е бавно, а при промената на темпото (кон побрзо) играчите преминуваат кон држење за раце слободно пуштени долу. **За рака** се сретнуваат две варијанти. Во првата рацете се спуштени слободно долу. Тоа се брзи и полетни ора. Во втората варијанта рацете на играчите се подигнати малку напред и се свиени во лактите. На овој начин се играат ората кои градираат во темпото од побавно кон побрзо. (Димовски, 1974: 13)

Држењето **за појас** се сретнува поретко. Ова држење не е вообичаено за овој регион. Доколку се среќаваат такви ора во овој крај, тие се пренесени од Малешевијата и од Пијанец или „Шоплукот", шопски ора т.е. *купечки ора,* како што игроорците од овој крај ги нарекуваат. (Пајтонџиев, 1973: 51) Тоа е карактеристично за ороводните песни кои во овој крај се доста познати. Тие претставуваат дел од календарскиот обреден комплекс, а ги исполнуваат девојки или млади жени. Терминот ороводни песни во источномакедонските традиции може да означува: *секое играње на отворен простор, собор на луѓе и мелопоетски – кореографски жанр.* Покрај песната, важна улога имаат и игрите (ората), со основните танцувачки елементи како што се: **тапкањето**, **вртењето** и **скокањето**, кои во етнокореологијата се толкуваат како знаци за повикување на ветрот, растот на посевите и поттикнување на плодноста. (Величковска, 2012: 28–29)

Позната ороводна песна од селото Габревци е *Бела Неда* која се изведува за време на празникот Велигден. Ја изведуваат жени фатени за појас, ја пеат истоимената песна пропратена со едноставен играчки образец комбиниран преплет.[6][7]

[5]) Информатор: Владо Атанасов од село Габревци, роден 1932 година, сопствени теренски истражувања.

[6]) Преплетот е најстарата форма на игроорен образец. Се игра така што едната нога се движи пред другата, наизменично на двете нозе, а орото најчесто се движи кон десно.

[7]) Информатор: Дамјана Тодоровска од село Габревци, родена 1945 година, сопствени теренски истражувања

Информатор: Зорка Јованова од село Габревци, родена 1946 година, сопствени теренски истражувања

Секое оро си има свој водач и тој се наоѓа на десната страна од отворениот круг. Во селото тој се вика *танчарија* и неговата улога е да го води орото (*танецот*), т.е. да е напред. Танчаријата обично е добар игроорец и добро ги познава ората. Во десната рака тој носи шамивче, обично од монистра и му дава знак на гајдаџијата да го забрза орото. Последниот на орото се вика *опашкар* и се наоѓа на левата страна од отворениот круг. Последниот на орото исто така треба да биде добар игроорец. Тој со својата подвижност прави *полжав* (форма на оро) или го шири кругот. (Димовски, 1974: 16)

Танчарија може да биде маж и жена. Дедо Владо гајдаџијата вели: *ка ќе са фане еден мераклија на танец, дали е машко или женско, или е мома или ерген он игра, игра д'лго време додека се убаво уморе.*

**2. Инструментална придружба**

За придружување на ората во селото се употребуваат народните инструменти: гајдата, шупелката, тапанот и инструментите од фабричко производство: хармоника и кларинет.

Најмногу во употреба е гајдата, на која се свири соло или пак се придружува со придружба на тапан. Неретко во практиката може да се сретнат и две гајди каде што во тој случај едната ја свири мелодијата, а другата ја придружува со лежечкиот тон на брчалото.

Зурли и тапани во практиката се сретнувало поретко. Свирачите на зурли и тапани биле Роми од Радовиш кои свиреле само на свадби. Шупелката се свирела многу порано од гајдата и тоа најчесто ја свиреле овчарите.[8]

Денес музиката се препушта на инструментите од фабричко производство. Гајдата е сѐ поретка во употреба на селските слави и соборите. (Димовски, 1974: 16)

***2.1.Методски приказ на оро од село Габревци***

**Етнокореолошки карактеристики на орото *Кукуригу петле***

- **Назив на орото:** *Кукуригу петле*
- **Игроорно подрачје:** Источно
- **Етнички предел:** Радовишко Поле
- **Извори:** Димовски, Михаило, *Орската традиција во село Ињево (Радовишко)*, МФ, број 4, Скопје, 1974; Чичаковски, Тимко, *Македонските традиционални инструменти,* ИФ, Скопје, 2011; Јаневски, Владимир, *Етнокореолошки карактеристики на македонските народни ора – по избрани примери,* ИФ, Скопје, 2013.
- **Соговорници:** Стојна Димитрова од село Дедино, родена 1950 год., сопствени теренски истражувања.
- **Демонстратор на орото:** Стојна Димитрова од село Дедино, родена 1950 год.
- **Опис на орото:** орото се игра со груби стапки на цело стапало.
- **Играчи:** мажи и жени.
- **Облик и форма:** се игра во отворен круг, орото при играњето се движи во десно.
- **Држење на рацете:** најраспострането држење е за појас.
- **Карактер**: соборско оро.
- **Потекло:** според истражувањата и литературните извори, орото се води како автохтоно оро за овој предел. Името најверојатно го има добиено по некоја ороводна песна, на која информаторите не се сеќаваат на теренот. Истото оро во пределите Радовишки Шоплук и Дурачка Река се сретнува со локалниот назив *Осмица*.
- **Музичка придружба:** гајда, тапан.
- **Метроритмичка структура:** 2/4
- **Мелографски запис:** дадена е основната мелодиска линија, постојат повеќе варијанти.

[8])Информатор: Владо Атанасов од село Габревци, роден 1932 година, сопствени теренски истражувања.




❖ **Кинетографски запис:** во примерот е прикажана игроорната база на образецот, без да бидат опфатени разни варијанти на украси.



❖ **Содржина на игроорен образец:** Телото е поставено косо десно. Тежината е на лева нога. Потскок од долу (двоен потскок) на десна нога, спротивната со полусвиено, подигнато колено, **форма А**, повторно **форма А** на лева нога, основен потскок на десна нога, **форма Б** и **форма А** на десна нога. **Формите А+А+Б+А** се повторуваат со почеток на лева нога. Осум потскоци од долу во место, со десна, па со лева нога, со украс на слободната нога со извлекување од напред кон назад, **форма Б x 8.**

❖ **Форма на орото: А+А+Б+А x 2 + Б x 8.**

**Користена литература:**


1. Величковска, Р. (2012). *Македонското традиционално народно пеење (хрестоматија со мелопоетска анализа)*: Маска. Скопје.
2. Делиниколова, З. (1960).*Обичаи сврзани со поедини празници и неделни дни во Радовиш*: Гласник на Етнолошки музеј 1. Скопје.
3. Димовски, М. (1974). *Орската традиција и етнокореолошките карактеристики на ората во радовишкото село Ињево*: Македонски фолклор 4. Скопје.
4. Јаневски, В. (2013). *Етнокореолошки карактеристики на македонските народни ора (по избрани примери)*: Институт за фолклор„Марко Цепенков". Скопје.
5. Пајтонџиев, Г. (1973). *Македонски народни ора:* Македонска книга. Институт за фолклор кн.1. Скопје.
6. Чичаковски, Т. (2011). *Македонски традиционални музички инструменти*: Институт за фолклор „Марко Цепенков". Скопје.


**Информатори**

Владо Атанасов, роден 1932 год., село Габревци, оженет, живее во с. Габревци
Дамјана Тодоровска, родена 1945 год., село Габревци, мажена, живее во с. Габревци
Зорка Јованова, родена 1946 год., село Габревци, мажена, живее во с. Габревци
Стојна Димитрова, родена 1950 год., село Дедино, омажена во село Габревци, живее во с. Габревци